РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2576/6
13.06.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 31.05.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:/**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Катерина Доневска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 25-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека поради технички проблем со видео конекцијата, гласањето на г-дин Трајчев ќе биде изнесено преку аудио врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.05.2024 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ од Скопје.
3. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на РА Галакси од Кавадарци за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.

5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на РА ПРО-ФМ од Гостивар за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Трајчев го усвои предложениот Записник од 24-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 30.05.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2 и 3**

Г-дин Трајчевски објасни дека ќе даде воведно образложение за Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ од Скопје и за Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО од Струга, бидејќи станува збор за прекршување на ист член од ЗААВМУ. Објасни дека и кај двата радиодифузери беше започната постапка за одземање на дозволата заради тоа што во законски утврдениот рок не ја извршија уплатата согласно доставената фактура од страна на Агенцијата за годишниот надоместок за телевизиско односно радио емитување. Во дополнителниот период од 15 дена што им го даде Советот, а им следува по Закон, и двајцата радиодифузери извршија уплата и од таа причина се предлага да се запре постапката.

*<u>Гласање по Точка 2</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ од Скопје, Уп1 бр.08-778 од 07.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-2443/2 од 30.05.2024г., ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ од Скопје, годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0138 од 11.04.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 3</u>*

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, Уп1 бр.08-301 од 01.09.2023 година.

Согласно Известувањето за извршена уплата бр.05-2574/1 од 30.05.2024г., ТРД ЈОН-РАДИО ДОО Струга, годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го плати во целост, според доставената ф-ра бр.2024-100-0137 од 03.04.2024 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 4 и 5**

Вишиот соработник од Одделението за стратешко планирање Катерина Доневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на РА Галакси од Кавадарци за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми и Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на РА ПРО-ФМ од Гостивар за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми. Објасни дека и двата радиодифузери не ја исполниле законската обврска според која се должни најдоцна до 31 март во тековната година да достават до Агенцијата податоци за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година. Наведе дека секторот повеќе пати контактирал со медиумите за да ги потсети за обврската но бидејќи нема корекција од нивна страна, се предлага да им се изрече мерка јавна опомена.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2121/1 од 29.04.2024 година и едногласно заклучи на ТРД ГАЛАКСИ-2002 ДООЕЛ Кавадарци да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 1 од Законот за медиуми, затоа што до Агенцијата не достави податоци за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2120/1 од 29.04.2024 година и едногласно заклучи на ТРД РАДИО ПРО-ФМ ДОО Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување

на член 15 став 1 од Законот за медиуми, затоа што до Агенцијата не достави податоци за сопственичка структура, одговорниот уредник/уредници, изворите на финансирање во 2023 година, остварените вкупни приходи и расходи од обезбедувањето на дејноста во 2023 година и за просечната слушаност во 2023 година.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**